**Известување за концентрацијасо којаСинвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед,Гернзи ќе стекне контрола врз одредени делови од работењето во областа на природните науки на Бајер Акциенгезелшафт Германија**
**(предмет бр. 08-64/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.03.2021 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на предложеното стекнување самостојна контрола од страна на **Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед** (Cinven Capital Management (VII) General Partner Limited), со седиште на Левел 4, Мил Корт, Ла Шаротери, Ст Петер Порт, Гернзи, ГУ1 1ЕЈ, Ченел Острови („**Синвен (VII)МЏП**“), индиректно, преку друштво за посебна намена, основано од фондовите управувани или советувани од страна на Синвен (VII) МЏП, преку едно од нивните поврзани друштва, над одредени делови од работењето во областа на природните науки на друштвото **Бајер АГ** (Bayer AG), со регистрирано седиште на Каизер-Вилхелм-Але 1, 51373 Леверкузен, Германија („**Бајер**“), преку купопродажба на удели и средства.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Синвен (VII)МЏП**, заедно со неговите поврзани друштва и фондовите управувани и советувани од нив, припаѓа на Синвен, работење со приватно инвестирање (*private equity business*), кој работи со услуги на инвестициско управување и инвестициско советување на инвестициски фондови („**Синвен**“). Седмиот Синвен Фонд („**Синвен VII**“)е тој кој ќе се стекне со индиректна контрола над одредени делови од работењето во областа на природните науки на Бајер Акциенгезелшафт.Партнерствата кои го сочинуваат Синвен VII се управувани од страна на Синвен Капитал Менаџмент (VII) Лимитед Партнершип Инкорпорејтед (Cinven Capital Management (VII) Limited Partnership Incorporated), преку својот генерален партнер Синвен (VII) МЏП. Фондовите управувани од Синвен имаат контрола во неколку трговски друштва кои се активни во различни економски сектори, вклучувајќи и во Северна Македонија.

Синвен има регистрирано присуство во Северна Македонија, и е исто така индиректно активно во Северна Македонија преку некои Портфолио друштва.

Целното работење (одредени делови од работењето во областа на природните науки на Бајер Акциенгезелшафт) опфаќа одредени ентитети и средства кои се однесуваат на работењето во областа на природните науки на Бајер Групацијата („ПН Бизнис“). Целното работење е активно во ПН Бизнисот, имено во развојот и комерцијализацијата на производи за контрола на плевел, болести и штетници кои се користат за неземјоделски примени, како што се векторска контрола, професионално управување со штетници, шумарство, управување со индустриска вегетација, управување со ливади и пасиштата и тревници и украсни растенија и

определени нивни делови.

Целното работење нема регистрирано присуство во Северна Македонија, но има многу ограничена активност во Северна Македонија, каде што е ангажиран со индиректна продажба на професионални производи за контрола на штетници (вклучувајќи и векторска контрола).

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за целите на оценка на оваа концентрација може да биде дефиниран како ***пазар за професионални производи за контрола на штетници (вклучувајќи и векторска контрола)***.

Што се однесува до географскиот опсег на пазарот за предметното Известување, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира како ***национален, односнокакотериторијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.03.2022 година
Скопје